РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 07-16942/1
21-10-2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 3 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/09 и 158/10),министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛА

## за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема

### Член 1

Со овие правила се пропишуваат обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема што Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: "Контролорот") ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

### Член 2

Администратор на информациски систем во смисла на овие правила е лице вработено за информатичка подршка кое има посебно овластување од страна на министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот).

Овластени лица во смисла на овие правила се вработените, надворешните соработници како и други лица кај Контролорот кои користат документи кои содржат лични податоци и имаат пристап до информатичко комуникациската опрема на Контролорот.

### Член 3

Администраторот на информацискиот систем кај Контролорот ги има следните обврски и одговорности:

-врши анализа и проценка на ризиците на информацискиот систем на Контролорот;

-врши креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност;

-врши ревизија на инциденти поврзани со нарушувањата на безбедноста на информацискиот систем во согласност со Правилата за пријавување, реакција и санирање на инциденти кај Контролорот;

-врши доделување на корисничко име и лозинка при вработување или ангажирање на овластено лице со пристап до информацискиот систем, како и бришење на корисничко име и лозинка на овластено лице на кое му престанало вработувањето или ангажирањето по претходно овластување добиено од страна на министерот ;

-го определува нивото на пристап до документите / информациите содржани во информацискиот систем по претходно овластување добиено од страна на министерот;

-изработува програма за ревизии во однос на сигурноста на информацискиот систем;

-се грижи за спроведување на правилата за начинот на правење на сигурносна копија , архивирање и чување, ако и за повторно враќање на зачуваните податоци согласно Правилникот за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци на Контролорот;

-му помага на офицерот за заштита на личните податоци при вршењето на неговите работни задачи согласно прописите за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Контролорот;

-во координација со офицерот за заштита на личните податоци врши периодична контрола на евиденцијата за авторизиран пристап;

-во координација со офицерот за заштита на личните податоци се грижи за организација на обуки на вработените во однос на одржување на безбедноста на информацискиот систем.

За начинот на извршување на работата на Администраторот на информацискиот систем се врши периодична контрола од страна на комисија формирана од министерот.

За извршената периодична контрола комисијата од ставот 2 алинеја 9 на овој член изработува извештај во кој ги внесува констатираните неправилности и предложените мерки за нивно отстранување.

Член 4

Секое овластено лице кое има пристап до личните податоци и до информатичко комуникациската опрема кај Контролорот, ги има следните обврски и одговорности:

-е должно да се придржува до сите правила и процедури востановени со донесените интерни акти од страна на Контролорот;

-е должно да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Контролорот;

-е должно веднаш да пријави кај Администраторот на информацискиот систем за заштита на личните податоци секакво сознание, било директно или индиректно, до кое овластено лице ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување или аномалија на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци кај Контролорот, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;

-не смее да ја прекршува преземената обврска за доверливост, со која се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето кај Контролорот, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно Законот за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на кое било друго лице и во која било форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои кај Контролорот се врши обработката на личните податоци.

-секој инцидент кој ќе го забележи, овластеното лице мора да го евидентира во писмена форма од моментот кога е забележан до неговата санација;

-доделеното корисничко име и лозинка овластеното лице е должно да ги чува и да не ги споделува со други лица;

-овластеното лице со потпишувањето на договорот за работа е должно да потпише „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци";

-овластеното лице при работа со документи кои содржат лични податоци треба да внимава истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица;

-властеното лице по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства документите кои содржат лични податоци треба да ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи.

**Член 5**

Овластените лица задолжително се информираат за техничките и организациските мерки кои се однесуваат на извршувањето на нивните обврски и одговорности.

**Член 6**

Секое овластено лице е одговорно за соодветна примена на интерните акти кај Контролорот со кои се уредува заштитата на личните податоци, како и е одговорно доколку, како последица на прекршување или непочитување на некои од поставените мерки, биде загрозена тајноста на личните податоци што се обработуваат кај Контролорот, или пак доколку дојде до нивна злоупотреба.

Под загрозување на тајноста на личните податоци се подразбира случајно или намерно постапување, непостапување или пропуштање од страна на овластеното лице, како резултат на што се создаваат услови или можност да дојде до злоупотреба на личните податоци што се обработуваат кај Контролорот. Во ваков случај ќе се смета дека тајноста на личните податоци е загрозена, без оглед на тоа дали дошло или не до нивна злоупотреба.

**Член 7**

Во случај на какво било прекршување, или непочитување на кој било пропис или интерен акт од страна на овластеното лице, Контролорот ќе спроведе постапка за испитување на причините, начинот и последиците од таквото прекршување, односно непочитување, заради спречување на настанување на слично прекршување или непочитување во иднина.

Истовремено Контролорот ќе спроведе постапка за утврдување на одговорноста и соодветно санкционирање на овластеното лице, за кое нешто ќе се донесе соодветна одлука заснована на закон.

**Член 8**

Овие правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување

________2014 година
Скопје

Министер,
Abdilaqim Ademi